ФОРМУЛАР ЗА ПОТРЕБАТА ОД СПРОВЕДУВАЊЕ,
ОДНОСНО НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

# ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ 'ТАБАНОВЦЕ', ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ОПШТИНА КУМАНОВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ 'ТАБАНОВЦЕ', ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ОПШТИНА КУМАНОВО |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РМ |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Друштво за трговија и услуги 'БИЛД УРБАН' ДООЕЛ Скопје, во име на Министерство за транспорт и врски |
| **Назив на работното место** | Бојан Муличковски - диа овластување бр.0.0070, одговорен планер |
| **Контакт податоци на лицето** | адреса: Бул. Илинден бр. 107/17, 1000 Скопје<br>email: bildurban@gmail.com; тел: 02 308 35 75 |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

(1) Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16) и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот:
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16 и 33/17);
- Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови (Службен весник на РМ бр.142/15);

(2) Закон за градење (пречистен текст Службен весник на РМ бр. 39/12)

(3) Други акти:
- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОМУМЕНТАЦИЈА за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини 'Табановце' помеѓу Република Македонија и Република Србија, општина Куманово – кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија; Агенција за планирање на просторот, август 2017, тех. бр. Y12517;
- Решение за Услови за планирање на просторот, издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање (Арх.бр УП1-15 1224/2017 од 09.09.2017 година)
- ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ „ТАБАНОВЦЕ„ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ОПШТИНА КУМАНОВО; Друштво за трговија и услуги 'БИЛД УРБАН' ДООЕЛ Скопје, октомври 2017, тех. бр. 0801-238/17 (одобрена од Министерство за транспорт и врски, бр. 24-10093/4, 09.11.2017).

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

ДА ☒ Се донесува нов плански документ

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

Да.

Планскиот документ се однесува на областа 'просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето'.

**Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето?**

**Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина?**

**Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Не. Со планскиот документ не се предвидува реализирање на проект за кој е потребно спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

Планскиот документ предвидува проект за воспоставување на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини (ЗЖГП) 'Табановце', помеѓу Р.Македонија и Р.Србија. Општата цел на предложениот ЗЖГП е да го унапреди меѓународниот транспорт помеѓу железничките мрежи на двете соседни земји и да воспостави и имплементира законска и институционална рамка за постепено отворање на пазарот за железнички транспорт во Југоисточна Европа.

Проектот предвиден со планскиот документ е вклучен во Прилог 2 од Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Следствено, врз основа на соодветно Известување за намерата за спроведување на проектот предвиден со планскиот документ, во кое детално се анализирани карактеристиките на проектот во однос на неговата природа, големина и локација, како и потребните ресурси за негово спроведување и потенцијалните влијанија од неговата изградба и фунционирање, од страна на надлежниот орган - Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ (МЖСПП) - е издадено Мислење според кое Инвеститорот (Министерството за транспорт и врски) е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина (Прилог 2), т.е. дека не е потребно да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

Според тоа, планскиот документ предвидува реализирање на проект за кој е потребно да се изработи Елаборат за заштита на животната средина, согласно обврската дадена во член 24 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 51/11, 123/12, 93/13, 44/2015, 129/15 и 39/16).

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Да.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,72 хектари, со следната основна намена на земјиштето:

- Група на класа на намени: Е – ИНФРАСТРУКТУРА; Класа на намена: Е2 - Комунална супраструктура – железнички граничен премин со придружни содржини.

Во планскиот опфат е вклучена зоната на комплексот на постојната локална железничка станица Табановце, која е со идентична намена на земјиштето како новопредвидената основна намена. Предвидена е промена на намена на земјиште со површина од околу 0,3 хектари (17% од вкупната површина на планскиот опфат). Според тоа, планскиот документ не предвидува значителна промена на тековната форма на користење на земјиштето, т.е.

| |
|---|
| проектот предвиден со планскиот документ не претставува т.н. 'green-field' проект. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Целта на донесување на предметниот плански документ (државна урбанистичко планска документација - ДУПД) е да овозможи услови за уредување и користење на просторот со оформување на нова градежна парцела вон плански опфат, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, основната класа на намена и компатабилните класи на намена согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти - граничен премин од I (прва) категорија за железнички сообраќај.<br>Крајни цели на предметниот плански документ (ДУПД) се следните:<br>- овозможување непречен, непрекинат отворен меѓународен железнички сообраќај<br>- спроведување на Конвенцијата за заеднички транзит, за единствен царински документ (ЕЦД)<br>- поедноставување на царинските постапки, олеснување во процесот на приклучување кон ЕУ и примена на најдобрите практики од европските организации со кои службениот персонал (царина, гранична полиција, инспекциски служби, управител на инфраструктура и превозници) имаат склучено договори за административна соработка<br>- зачувување на финансиските интереси на Република Македонија<br>- рационално користење на земјиштето<br>- максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот<br>- оформување препознатлива амбиентална целина<br>- почитување и заштита на правото на човекот на работа<br>- почитување и надградување на пејсажните вредности<br>- оформување културен пејсаж<br>- вградување нови и пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето<br>- подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица<br>- почитување и валоризација на културното и градителското наследство<br>- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина<br>- вградување мерки за заштита и спасување<br>- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето<br>- почитување на законските прописи за дадената намена. |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето за соодветната намена – граничен железнички премин за транспорт на луѓе и материјални добра. |
| **Период за донесување на планскиот документ.** |
| Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање не постои одреден период за донесување на предметниот плански документ (ДУПД). |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Согласно релевантните законски прописи не е предвидено ревидирање на документот. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Просторот кој е предмет на изработка на ДУПД се наоѓа во поширокиот опфат на северната граница на Република Македонија кон Република Србија, северозападно од селото Табановце, долж постојната железничка пруга, од нејзината западна страна на приближно 500 метри од граничната линија помеѓу двете држави (Прилог 1).<br>Просторот кој е предмет на изработка на ДУПД се наоѓа на територијата на Општина Куманово и зафаќа дел од КП 1151, дел од КП 5182, дел од КП 1146, дел од КП 1145, КП 1149, КП 1148, дел од КП 1147 и дел од КП 1150, КО Табановце, Општина Куманово. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ?** |
| Да☒ |

Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒

Не ☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Преглед и генерален опис на влијанијата врз животната средина во текот на имплементацијата на предметниот плански документ (ДУПД) се дадени во продолжение.

| Вид на потенцијално влијание | Изградба | Оперативност |
|---|---|---|
| Квалитет на воздух (емисија на прашина, гасови) | √ | X |
| Создавање на комунални отпадни води | X | √ |
| Создавање на индустриски отпадни води | X | X |
| Деградација на почва / ризик од ерозија | X | X |
| Создавање на отпад | √ | √ |
| Користење оскудни природни или енергетски ресурси | X | X |
| Постапување со опасни материјали | X | X |
| Создавање на бучава и вибрации | √ | X |
| Ослободување на топлинска енергија и/или нејонизирачко зрачење | X | X |
| Миризба | X | X |
| Влијание врз еколошките ресурси / вегетација / див свет | X | X |
| Визуелни влијанија / промена на физички и пределски карактеристики | X | X |
| Заначителни социо-економско влијание | X | X |
| Загрозување на културното наследство | X | X |
| Прекугранични влијанија | X | X |

√ = Можно X = Не се очекува

Фаза на изградба

За време на фазата на изградба на проектот кој е предмет на планскиот документ (ДУПД), а имајќи го во предвид фактот дека истата ќе вклучи типични градежни работи, се очекуваат стандардни влијанија врз животната средина: прашина и емисии во воздух од сообраќајот поврзан со изградбата и градежната механизација и опрема; емисија на градежна бучава и создавање на градежен отпад и отпад од рушење и демонтажа на постојната локална железничка станица. Сите наведени влијанија се со ограничен обем, со краткотрајно времетраење и ниска магнитуда, т.е. со занемарлива до мала значајност, и според тоа, можат да бидат управувани со стандардни мерки за намалување на влијанијата и соодветна градежна организација и пракса.

Фаза на оперативност

За време на оперативната фаза на проектот кој е предмет на планскиот документ (ДУПД) не се очекуваат неповратни негативни влијанија врз животната и социјалната средина, бидејќи во заедничкиот железнички граничен премин со придружни содржини Табановце:

- Нема да се создаваат емисии во медиумите на животната средина (воздух, води и почва).
- Нема да се создава дополнителна емисија на бучава и вибрации во однос на тековното ниво на бучава и вибрации кои се поврзани со железничкиот сообраќај, кој тековно се одвива преку комплексот на постојната локална железничка станица.
- Ќе се создаваат ограничени количества комунален (комерцијален) отпад, вклучително и отпад од пакување, од секојдневните активности на вработениот персонал во заедничкиот

| | |
|---|---|
| железнички граничен премин и од патниците кои ќе транзитираат преку истиот. Со комерцијалниот отпад ќе се управува според барањата на македонската регулатива за управување со отпад и најдобрите меѓународни практики, со што ќе се овозможи негово безбедно отстранување од опфатот на железничкиот граничен премин од страна на лиценцирани постапувачи со отпад.<br>o Ќе се создаваат комунални отпадни води, од секојдневните активности на вработениот персонал во заедничкиот железнички граничен премин и од патниците кои ќе транзитираат преку истиот. Овие води, пред нивно испуштање во амбиенталната средина, ќе се пречистуваат во пречистителна станица која ќе биде инсталирана во опфатот на локацијата на предложениот железнички премин. | |
| **Веројатност, времетраење, фреквентност и повратност (реверзибилност) на влијанија** | Постои различна веројатност за појава на потенцијалните влијанија, како во фазата на изградба, така и во фазата на работа. Оние поврзани со фазата на изградба во однос на времетраењето ќе бидат ограничени на времето на изградба, додека другите се поврзани со имплементацијата на активностите предвидени со предметниот плански документ. Имплементацијата на планскиот документ ќе имплицира влијанија од локализиран и реверзибилен (повратен) карактер, по опсег ограничени во опфатот на истиот. Магнитудата на потенцијалните влијанија се очекува да биде во рангот од незначително до умерено влијание кое може да биде контролирано со превземање на соодветни мерки на претпазливост и заштита.<br>Според тоа, значајноста на влијанијата се очекува да биде во категоријата на нефундаментална промена на животната средина.<br>Детален преглед и анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од активностите предвидени со предметниот плански документ (ДУПД), како и мерките за избегнување и/или намалување на тие влијанија на ниво на проект ќе бидат опфатени во Елаборатот за заштита на животната средина, кој ќе биде изработен согласно стандардите и барањата вградени во релевантната македонска законска регулатива. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во овој момент не постојат податоци за други активности или фактори во поширокиот регион на опфатот на предметниот плански документ (ДУПД) кои имаат можност за кумулативни влијанија во интеракција со активностите предвидени со истиот.<br>Анализа на потенцијалните кумулативни влијанија во случај на интеракција на два или повеќе проекти со потенцијал да предизивикаат слични и интерактивни влијанија, кои би резултирале со зголемена значајност на негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, ќе биде вклучена во Елаборатот за заштита на животната средина за проектот предвиден со предметниот плански документ. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Имплементацијата на проектот предвиден со предметниот плански документ поседува потенцијал за појава на ризик од инциденти и/или несреќи кои би можеле да влијаат врз здравје на луѓето или животната средина (пожар, инцидентно истекување на хемиски материјали, повреда при работа, итн.).<br>Согласно релевантната законска регулатива, ќе бидат изработени превентивни процедури за управување со вонредни состојби за кои постои веројатност на појава во текот на имплементација на предметниот плански документ (ДУПД), т.е. при спроведување на фазите на изградба и оперативност на проектот предвиден со истиот. Овие процедури, базирани на добра градежна и оперативна пракса, како и на превентивни заштитни мерки ќе го минимизираат ризикот од појава на инциденти и/или несреќи. |

<table>
<tr><td></td><td>Овој аспект ќе биде опфатен во Елаборатот за заштита на животната средина за проектот предвиден со предметниот плански документ.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>Опсегот на влијанијата од имплементацијата на предметниот плански документ (ДУПД) е со ограничен и локализиран карактер, дефиниран со планскиот опфат на истиот, чија површина изнесува 1,72 хектари, и неговото непосредно опкружување во локален контекст.<br><br>Во опкружувањето на планскиот опфат се наоѓа едно населено место – Табановце, во кое според последниот одржан попис (2002), живееле 910 лица.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во поширок контекст, имплементацијата на планскиот документ ќе придонесе кон создавање на услови за интензивирање на социо-економскиот развој во регионот, преку реализација на следните цели:<br>- Унапредување на сообраќајните услови за извршување на економските активности со позитивни ефекти врз локалната и национална економија.<br>- Придонес кон зголемена оптимизација и олеснување на процедурите за гранична и царинска контрола, како и кон олеснување на спроведувањето на релевантната законска регулатива преку надградба на капацитетите за царинење и инспекција, со што ќе се овозможат подобри услуги во корист на економските оператори, т.е. побрзо прекугранично движење на нивните стоки.<br>- Унапредување на слободното движење на лица и стоки преку граничните премини и, во исто време, одржување на потребното ниво на безбедност на државните граници. Со воспоставување на нови, модерни и скратени прекугранични процедури, се очекува дека транспортот на стоки и патници низ овој граничен премин ќе стане поатрактивен, што ќе резултира со интезивирање на економоската соработка преку транспорт или транзит со зголемен обем на стока.<br>- Унапредување на функционирањето на граничниот премин согласно релевантните закони и процедури во двете соседни земји, директивите на ЕУ и препораките за интегрирано гранично управување (Integrated Border Management), преку соодветно планирање и приспособување на системот на железнички постројки, како и системите за национална гранична безбедност и царина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>- Планскиот документ (ДУПД) ќе се спроведува во подрачје кое не претставува недопрено природно опкружување и на кое постојат различни антропогени влијанија и антропогени форми на користење на земјиштето (населби, железничка инфраструктура, патишта, различна енергетска и стопанска инфраструктура (далекуводи, објекти за земјоделско-сточарска намена и друго)).<br>- Планскиот документ (ДУПД) не предвидува менување на тековната форма на користење на земјиштето, ниту користење на ново, неизградено земјиште или земјоделско земјиште, т.е. проектот предвиден со предметниот плански документ не претставува т.н. 'green-field' проект. Активностите предвидени со плански документ ќе се спроведуваат во зоната на комплексот на постојната локална железничка станица Табановце, а ќе зафатат и дел од постојниот транзитен центар (камп за бегалци), тековно лоциран во непосредна близина на локалната железничка станица.<br>Според горенаведеното, областа засегната со донесување на планскиот документ не поседува висока природна или пределска вредност, ниту се карактеризира со економско-социјална ранливост или ранливост од природни хазарди.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td><u>Природни карактеристики</u><br>Подрачјето се карактеризира со антропогени станишта (рурална населба (Сланиште, дел од с. Табановце); земјоделско земјиште - ниви со различен опфат и големина (интензивно</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | обработувани), како и напуштени ниви и ливади со доминантно антропогено условена вегетација). Имајќи го предвид составот на стаништата во подрачјето, не се очекува присуство на значајни (ретки, ендемични) видови растенија и животни. Напротив, антропогените станишта главно се населени со видови кои се поврзани со човекови активности и, следствено, се многу широко распространети, што значително ја намалува нивната конзервациска вредност.<br>Во подрачјето не постојат значајни елементи на биолошка и пределска разновидност (карактеристични и ретки видови на флора и фауна, загрозени видови според меѓународните и националните стратешки документи во доменот на заштита на природата), ниту чувствителни зони (IPA, IBA или PBA)[1]. Опфатот на предметниот плански документ не се наоѓа во, или во близина на, заштитено подрачје на природно наследство заштитено според македонската национална регулатива или подрачје од меѓународно значење (UNESCO WHS[2], Ramsar[3] или Emerald[4]). Според тоа, предметниот плански документ (ДУПД) не поседува потенцијал за негативно влијание врз биолошката разновидност, ниту за време на изградбата, ниту за време на оперативната фаза на проектот предвиден со планскиот документ.<br><u>Културно наследство</u><br>Во опфатот на предметниот плански документ (ДУПД), како и во неговата поширока околина, нема евидентирано археолошки локалитети, ниту друго заштитено културно наследство, кое е би било засегнато од имплементација истиот. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Во планскиот опфат и неговото опкружување не се утврдени надминувања на стандардите за квалитет на животната средина кои би можеле да влијаат на имплементацијата на планскиот документ.<br>Имплементацијата на планскиот документ не се очекува да предизвика надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности при нормално функционирање на проектот во неговите фази од имплементација.<br>Аспектот на можни надминувања на стандардите на животната средина ќе биде опфатен во Елаборатот за заштита на животната средина за проектот предвиден со предметниот плански документ. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Предметниот плански документ (ДУПД) не предвидува значително менување на тековната форма на користење на земјиштето, ниту нов вид на интензивна употреба на земјиштето во планскиот опфат. Во рамките на планскиот опфат се наоѓа комплексот на постојната локална железничка станица Табановце, како и дел од постојниот транзитен центар (камп за |

[1] Значајна област за растенија (Important Plant Area – IPA);Значајна област за птици (Important Bird Area - IBA); Приоритетна област на пеперутки (Prime Butterfly Area - PBA)

[2] UNESCO WHS – Локалитет / подрачје на светско (културно или/и природно наследство, прогласено соглсано Конвенцијата за светско наследство (Париз, 1972)

[3] Ramsar Site – Локалитет / подрачје од меѓународно значење, прогласено согласно Конвенцијата за водни живеалишта со меѓународно значење – Рамсарска конвенција, Рамсар (Иран), 1971

[4] Emerald Site - Мрежата Емералд е развиена во рамките на Бернската конвенција за заштита на европскиот див свет и природните живеалишта и формално се смета како подготовка за примената на Директивата на ЕУ за живеалишта. Мрежата Емералд е заснована на истите принципи како и еколошката мрежа на ЕУ - НАТУРА 2000 и претставува нејзино продолжение во земји што не се членки на ЕУ.

| | |
|---|---|
| | бегалци). Одредени објекти / содржини од транзитниот центар ќе бидат дислоцирани, врз основа на претходно издадена согласност од страна на надлежната институција - Центарот за управување со кризи (ЦУК) при Владата на Р.Македонија. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Пејсажниот квалитет на подрачјето во планскиот опфат и во неговата поширока околина е низок, што е одразено и во отсуството на прогласени заштитени предели од каков било вид. Пределот опфаќа одреден број на антропогени намени на земјиштето и антропогени појави. Според тоа, предметниот плански документ (ДУПД) не поседува потенцијал за негативно влијание врз пределските вредности, ниту за време на изградбата ниту за време на оперативната фаза на проектот предвиден со планскиот документ. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Предметниот плански документ (ДУПД) поставува целосна просторно-урбанистичка рамка за оформување на нова градежна парцела за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини 'Табановце' помеѓу Република Македонија и Република Србија, во општина Куманово. Истиот е во согласност со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти, одредување на катноста на градбата, површината за градба, основната класа на намена на земјиштето и компатабилните класи на намена.

Врз основа на просторно-урбанистичката рамка и карактеристиките на проектот во однос на неговата природа, големина и локација, како и потребните ресурси за негово спроведување и потенцијалните влијанија од неговата изградба и фунционирање, од страна на надлежниот орган (МЖСПП) е издадено Мислење дека за проектот предвиден со планскиот документ е потребно да се изработи Елаборат за заштита на животната средина (Прилог 2).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Предметниот плански документ (ДУПД) предвидува изградба и оперативност на нов заеднички железнички граничен премин со придружни содржини Табановце, на државната граница меѓу Р.Македонија и Р.Србија, во зоната на комплексот на постојната локална железничка станица. Новата железнички граничен премин се планира како повеќенасочен железнички премин за меѓународен превоз на товар и железнички патнички сообраќај. Тој ќе вклучи систем на контрола на движење на луѓе и стоки во, и надвор од, двете соседни земји, односно контрола од страна на граничната полиција и царината, како и фитосанитарни и ветеринарни инспекции и контрола на транспортот.

Поширокото подрачје на предметниот плански документ (ДУПД) припаѓа на северниот дел на Кумановската котлина, која се протега на крајниот северен дел на Република Македонија. Котлината се протега на површина од околу 1.357 $km^2$, од кои околу 1.290 $km^2$ (95 %) е на територијата на Македонија, а остатокот се наоѓа на територијата на Република Србија. Просторно, котлината лежи во средишниот дел на сливот на реката Пчиња, зафаќајки го целиот слив на Кумановска Река и долното сливно подрачје на Крива Река.

Доминантен водотек во поширокото подрачје е реката Кумановска Река, која е десна притока на реката Пчиња. Кумановска Река настанува со спојување на два водотеци - Липковка Река и Табановечка Река, која тече низ непосредното подрачје во околината на опфатот на планскиот документ. Овој водотек е познат и под називот Коњарска Река (Коњарка). Неговата вкупна должина изнесува 28 km.

Планскиот опфат се протега во рурално, слабо населено подрачје. Со оглед на тоа, а во услови на отсуство на податоци од мерења за одредени загадувачки материи во воздухот (најблиската автоматска мерна станица од државната мониторинг мрежа за следење на квалитетот на амбиентниот воздух се наоѓа во градот Куманово), може да се претпостави дека амбиентниот воздух е со ненарушен квалитет, пред се заради карактерот на просторот

и оддалеченоста од главните загадувачи на воздухот – големи човечки населби, земјоделско - индустриски капацитети и главната сообраќајна инфраструктура во регионот.

Потенцијални влијанија врз животната средина во текот на животниот циклус на планскиот документ се:

- За време на фазата на изградба на проектот кој е предмет на планскиот документ се очекуваат стандардни влијанија врз животната средина: прашина и емисии во воздух од сообраќајот поврзан со изградбата и градежната механизација и опрема; емисија на градежна бучава и создавање на градежен отпад и отпад од рушење и демонтажа на постојната локална железничка станица. Сите наведени потенцијални влијанија се со занемарлива до мала значајност во однос на животната средина и социјално опкружување, и во услови на превземање мерки за нивна контрола и намалување, не претставуваат неповратен ризик за здравјето на луѓето и квалитетот на животната средина.
- За време на оперативната фаза на проектот кој е предмет на планскиот документ не се очекуваат неповратни негативни влијанија врз животната и социјалната средина, бидејќи: (1) нема да се создаваат емисии во медиумите на животната средина (воздух, води и почва), ниту ќе се создава дополнителна емисија на бучава и вибрации и (2) ќе се создаваат ограничени количества комунален (комерцијален) неопасен отпад (со кој ќе се постапува согласно современата хиерархија за управување со отпад) и типични комунални отпадни води (кои, пред нивно испуштање во амбиенталната средина, ќе се пречистуваат во сопствена пречистителна станица).

Врз основа на горенаведениот опис на квалитетот и толерантноста за промени на животната средина во околината на планскиот опфат и видот на активности во текот на неговата имплементација, се смета дека очекуваните потенцијални влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето се во рангот од незначителни до влијанија со мала значајност, т.е. ограничени во непосредниот плански опфат, со ниска магнитуда и реверзибилни. Како такви, тие можат да бидат управувани со стандардни мерки за намалување на влијанијата и соодветна градежна и оперативна пракса.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

Имајќи во предвид дека развојот на инфраструктурните / транспортните системи претставува значајна детерминанта на целокупниот економски развој, имплементацијата на предметниот плански документ (ДУПД) ќе придонесе кон унапредување на сообраќајните услови за извршување на економските активности со позитивни ефекти врз локалната и национална економија, како и интензивирање на меѓународната економска соработка преку зголемување на прекуграничниот промет на луѓе и материјални добра и производи.

Видот и обемот на проектот предвиден со планскиот документ не поседува потенцијал да предизвика значителни еколошки проблеми и неповратно нарушување на квалитетот на животната средина во подрачјето засегнато од активностите предвидени со планскиот документ.

Имплементацијата на планскиот документ ќе биде усогласена со принципите на одржлив развој, со максимално почитување и вградување на нормативите и стандардите за заштита на животната средина, базирано на принципите на претпазливост и превентивност кои ќе обезбедат избегнување и контрола на потенцијалните влијанија врз животната средина. Според тоа, изградбата на ЗЖГП Табановце ќе имплицира позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, а во функција на севкупниот одржлив економски развој.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Подрачјето кое е засегнато со активностите предвидени со предметниот плански документ

(ДУПД) не претставува подрачје со нарушен квалитет на животната средина, ниту се евидентирани еколошки проблеми кои би претставувале ограничувачки фактор или би го забавиле спроведувањето на истиот. Во тој контекст, опфатот на планскиот документ:

- Не е лоциран на празен простор (на кој никогаш немало градба) и нема да предизвика загуба на празно земјиште ('green-field').
- Не е лоциран во област за која постојат планови за идни употреби на земјиштето што би можеле да бидат засегнати од планскиот документ.
- Не е лоциран во област која е густо населена и во која има чувствителни употреби на земјиштето (болници, училишта, верски објекти, итн.).
- Не е лоциран во област што содржи важни, висококвалитетни или оскудни ресурси (подземни води, површински води, шуми, земјоделско земјиште, минерални суровини, енергетски ресурси, туристички ресурси, итн.).
- Не е лоциран во област за која постојат други фактори во однос на евентуален последователен развој кој би можел да доведе до дополнителни влијанија врз животната средина или до можност за кумулативни влијанија со други постоечки или планирани активности во засегнатото подрачје.
- Не е лоциран во област во која постојат заштитени подрачја со меѓународно, национално или локално законодавство поради нивните природни, еколошки, пределски, културни или други вредности

Според горенаведеното, а имајќи ги во предвид видот и обемот на проектот предвиден со планскиот документ, т.е. неговиот низок потенцијал да предизвика значителни влијанија врз животната средина, не се идентификувани еколошки проблеми кои се релевантни за планскиот документ.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Од аспект на просторниот развој на земјата, предметниот плански документ - ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ЗАЕДНИЧКИ ЖЕЛЕЗНИЧКИ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН СО ПРИДРУЖНИ СОДРЖИНИ „ТАБАНОВЦЕ„ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА, ОПШТИНА КУМАНОВО, е хиерархиски поврзан и усогласен со Просторниот план на РМ до 2020 година, особено во следните сегменти:

- Економски основи на просторниот развој:
  - Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, реализацијата на предметниот плански документ, ќе влијае врз унапредување на сообраќајните услови за извршување на економските активности со позитивни ефекти врз локалната и национална економија.
  - Објективно, развојот на економијата е условен од обемот на инвестициите. Со Просторниот план на РМ утврдена е планската определба за продолжување на инвестирањата во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти, но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.
- Сообраќај и врски. Концепцијата за развој на железничкиот систем базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина. Според Просторниот план на РМ, во планскиот период до 2020 година, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратешките цели за развојот на железничкиот сообраќај во Република Македонија.
- Урбанизација и мрежа на населби. Реализацијата на планскиот документ би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на

повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

- Јавни функции. Во граница на планскиот опфат нема препораки за организација на друг тип на јавни функции (образование, здравство, култура и спорт и рекреација) што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Дополнително, предметниот плански документ (ДУПД) е поврзан и усогласен со следните главни цели на Националната транспортна стратегија (2007-2017):

- промовирање на економски раст со градење, подобрување, управување и одржување на транспортните служби, инфраструктура и мрежи за добивање на максимална ефикасност,
- промовирање на интегрирана и интерконектирана транспортна мрежа која воспоставува ефективни услуги за корисниците.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Предметниот плански документ (ДУПД) не бил предмет на стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Предметниот плански документ (ДУПД) предвидува проект за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини 'Табановце' помеѓу Република Македонија и Република Србија, општина Куманово за кој не е потребно спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Следствено, за проектот предвиден во планскиот документ ќе се изработи елаборат за заштита на животната средина, согласно обврската дадена во Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 51/11, 123/12, 93/13, 44/2015, 129/15 и 39/16). Елаборатот за заштита на животната средина ќе биде изработен согласно стандардите и барањата вградени во релевантната македонска законска регулатива - Правилникот за форма и содржина на елаборатот за заштита на животната средина, согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за негово одобрување, како и начинот на водење на регистар за одобрени елаборати (Службен весник на РМ бр. 44/13 и 111/14).

Според тоа, а имајќи во предвид дека не е предвидена подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, во Елаборатот за заштита на животната средина ќе биде даден детален преглед и анализа на потенцијалните влијанија врз животната средина од проектот предвиден со планскиот документ, како и мерките за избегнување и/или намалување на тие влијанија.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кое го носи планскиот документ во име на органот** | Министер<br>Горан Сугарески |
| **Датум:** 14.12.2017 **година**<br><br>**Место: Скопје** | **М.П.** |

**ПРИЛОГ 1: Местоположба на плански опфат**




Слика – Приказ на локацијата на плански опфат на топографска карта (1:25000)
Извор: УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини 'Табановце' помеѓу Република Македонија и Република Србија, општина Куманово – кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија; Агенција за планирање на просторот, август 2017, Тех. бр. Y12517




Слика – Локација на плански опфат
Извор: Google, 2017

306

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Архивски број: 11- 4251/2

Дата: 06. 09. 2017

ДО : Министерство за транспорт и врски
ул."Црвена Скопска Општина" бр.4
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ : Доставување на Мислење

ВРСКА: Ваш број 14-7966/1 од 17.08.2017 година

07. 09. 2017
14 - 7966/2

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме Мислење со број 11-4251/2 , по Ваше известување за намера за изведување на проектот: Заеднички железнички граничен премин со придружни содржини "Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, за потребите на Министерство за транспорт и врски.

Со почит,

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Контролирал:Билјана Петкоски
Одобрил: в.д.Директор на управа за животна средина
Билјана Зефиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-4251/2 од 06.09.2017 година
Скопје

Во врска со Вашето известување за намера со број 11-4251/1 од 18.08.2017 година, кое се однесува за изведување на проектот: Заеднички железнички граничен премин со придружни содржини "Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, за потребите на Министерство за транспорт и врски, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

МИСЛЕЊЕ

За изведување на проектот: Заеднички железнички граничен премин со придружни содржини "Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, за потребите на Министерство за транспорт и врски, инвеститорот е должен да изготви Елаборат за заштита на животната средина.

Образложение

- Од Ваша страна беше доставено известување за намера за заеднички железнички граничен премин со придружни содржини "Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, за потребите на Министерство за транспорт и врски експлоатација.

- Просторот предвиден за заеднички железнички граничен премин со придружни содржини "Табановце" помеѓу Република Македонија и Република Србија, се наоѓа во поширокиот опфат на постојната локална железничка станица Табановци.

- Согласно Законот за животната средина ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016) и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/12, 109/2009 и 164/2012) овој проект спаѓа во Прилог II – Проекти за кои се утврдува потреба за спроведување постапка за оцена на влијание врз животната средина (Генерално определени проекти), точка 10. Инфраструктурни проекти, (б) – Градежни проекти, во кои е вклучена изградба на трговски центри и паркиралишта, туристички населби, царински зони и катни гаражи;

- Според тоа инвеститорот се задолжува да изготви Елаборат за заштита на животната средина, со што ќе се предвидат сите решенија за заштита на животната средина при процесот на изградба и работа. Истиот треба да биде доставен до Управата за животна средина на негова оценка и издавање на согласност по истиот.

- Елаборатот за заштита на животната средина потребно е да се изготви согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014)

Врз основа на горенаведеното го издаваме мислењето како во диспозитивот и укажуваме на обврската на инвеститорот за изготвување на Елаборат за заштита на животната средина.

Со почит,

Изготвил: Сашо Илиќ
Контролирал/Согласен:Билјана Петкоска

и.д.Директор на
Управа за животна средина
Билјана Зефиќ